Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
MINISTRIA E DREJTËSISË
Бр./Nr. 21-1805/9
26. 06. 2020 20
Скопје/Shkup

**ЗАПИСНИК**
**од**
**17-тата седница на**
**Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП**
**одржана на 26.09.2019 година**

На 26.09.2019 година со почеток во 12:00 часот, во просториите на Владата на Република Северна Македонија се одржа седумнаесеттата седница на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП.

На состанокот присуствуваа: г-а Рената Дескоска – Министер за правда, г-а Даница Цонова - В.Д. Директор на Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП- Владин Агент, г-дин Оливер Спасовски – Министер за внатрешни работи, г-а Татјана Трајковска – помошник раководител на сектор во Министерстерството за финансии, г-а Олгица Василевска – виш советник во Министерството за надворешни работи, г-а Лилјана Спасоска – заменик државен јавен обвинител, г-дин Александар Лазов – Генерален секретар на Уставниот суд на РСМ, г-дин Субхи Јакупи – заменик претседател на Вишиот управен суд, г-а Лидија Димчевска – Претседател на Апелациониот суд Скопје, г-а Елизабета Манели Ташевска – Претседател на Апелационен суд Битола, г-дин Наке Георгиев – Претседател на Апелационен суд Штип, г-дин Шефајет Хајдири – Претседател на Апелационен суд Гостивар како и г-а Катерина Жатева и г-а Ана Фуна од Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП.

Своето отсуство од состанокот навремено го најавија Претседателот на Судскиот совет. На состанокот исто така не присуствуваа Претседателот на Советот на јавни обвинители и Претседателот на Врховниот суд на РСМ.

Состанокот го отвори Министерката за правда. По усвојувањето на дневниот ред за состанокот, г-а Цонова ги информираше присутните дека Бирото, од страна на Одделот за извршување на пресудите и одлуките на ЕСЧП при надлежниот Генерален секретаријат на Советот на Европа, е покането до крајот на тековната година да достави свежи акциони планови/извештаи за извршување на сите предмети чие извршување е сè уште во тек. За целите на исполнување на таквата обврска, Бирото интензивно работи на прибирање на свежи и детални информации од релевантните институции кои се од важност за процесот на извршување на пресудите чие извршување е под надзор на Комитетот на министри. Истовремено таа извести дека Бирото прави обид за заживување на законската можност за давање на препораки за можните мерки за извршување на пресудите на ЕСЧП, која досега скоро и да не беше ставена во функција.

По однос на точката на дневниот ред која што се однесуваше на информација во врска со статусот на извршување на заклучоците од 16-тата седница на Меѓуресорската комисија Владиниот агент ги информираше присутните дека по однос на предметот Ставропигијален манастир св. Јован Златоуст против РМ, побарано е повторување на постапката вон законски предвидениот рок, поради што од страна на регистрациониот суд било одбиено таквото барање, а постапката е по жалба пред АС Скопје. Во предметот Црква на Вистинските Православни Христијани и Ивановски против РМ, исто така е побарано повторување, меѓутоа истото е повлечено од страна на подносителите. Владиниот агент извести дека во тек е изготвување на ажуриран

акционен план за извршувањето на овие пресуди кои се под зајакнат надзор на Комитетот на министри. По однос на предметите Макрадули против РМ, Љатифи против РМ и ЕУРОМАК против РМ, Бирото за застапување веќе истрати до Комитетот на министри акциони извештаи со кои се предлага затворање на процесот на надзор и дека за некои од нив Комитетот на министри има донесено финални резолуции а за некои од нив се очекува усвојување на финални резолуции со кои би се означил крајот на процесот на извршување на пресудите.

Состанокот продолжи со информација и разгледување на предлог мерките за извршување на ново донесените пресуди на ЕСЧП:

- **Тасев против Република Северна Македонија, А.бр. 9825/13, пресуда од 16 мај 2019**

Цонова нагласи дека ова е прва пресуда од овој тип против државта и во таа смисла претставува водечки предмет. Таа објасни дека со пресудата ЕСЧП утврди повреда на правото на почитување на приватниот живот од членот 8 на ЕКЧП, како резултат на одбивањето на Министерството за правда и домашните судови да дозволат исправка на податоците во Судскиот изборен именик на неговата национална припадност од Бугарин во Македонец, врз основа на барање кое апликантот, инаку тогаш судија во Апелационот суд во Штип, го поднел по објавување на огласот за избор на членови во Судскиот совет од редот на судиите (се работи за оглас од 2012 година), на кој тој бил еден од пријавените кандидати, а во услови кога националната припадност на кандидатите не била меѓу условите за избор. Сепак барањето на апликантот, било одбиено со образложение дека (а) барањето било поднесено по објавувањето на огласот за избор за нови членови во СС; (б) се однесувало и било поврзано со изборните права (правото да биде избран) на апликантот на тогаш претстојните избори за нови членови на СС; и (в) бидејќи, доколку барањето му било уважено, со тоа останатите кандидати од редот на судиите би биле ставени во неповолна позиција.

Имајќи предвид дека актуелното законодавство не менува ништо во однос на релевантните правни правила кои го регулираат спорното прашање, Цонова предложи формирање на работна група составена од Судскиот совет, Советот на јавни обвинители и управните судови за целите на разгледување на можните мерки за извршување на пресудата. Вавиот предлог уследи особено имајќи го предвид отсуството од состанокот на клучните институции со кои мерките би требало да се дискутираат и договорат. Притоа беше потенцирано дека треба да се детектира евентуалните други области каде поради слични причини се можни слични проблеми, како би се преземале активности во насока не само на извршување на пресудата туку и превенција на идни слични повреди на ЕКЧП. Министерката за правда иако го оцени таквиот предлог како разумен, сепак оцени за потребно во најбрз можен рок свикување на следна седница на Комисијата која би можела да се одржи и во потесен круг, но со задолжително присуство на релевантните институции кои треба да бидат дел од извршувањето на оваа пресуда на ЕСЧП. Таа истовремено истакна предлог дека од аспект на правна извесност и доследно извршување на пресудата на ЕСЧП треба најпрво сериозно да биде разгледана можноста наместо со утврдување на начелно мислење или став на надлежните институции, решението да се побара во евентуален подзаконски акт кој би го доуредил прашањето на линија на ставовите на ЕСЧП.

- **Стојановски и други против Република Македонија, А.бр. 14174/09, пресуда од 7 февруари 2019 година**

Џонова информираше дека станува збор за делумна пресуда на ЕСЧП со кои тој одлучуваше само во однос на износот на материјална штета откако со пресуда претходно ЕСЧП констатираше повреда на правото на сопственост на апликантите во врска со постапката за денационализација. Џонова истакна дека на претходните состаноци веќе станало збор за потребата од интензивирање на дијалог меѓу најважните институционални актери во процесот на денационализација во државта и дека на таа линија АСЈО постапувајќи по препораката на Меѓуресорската Комисија побарала појасни насоки за целта на таквите советувања. Џонова извести дека во моментот Бирото за застапување во соработка со Одделот за извршување на пресудите на ЕСЧП при Советот на Европа, прави анализа дали во случајот станува збор за изолиран случај или пак за посистемски проблем имајќи ги предвид предметите со наводи за повреда на ЕКЧП кои се поврзани со постапки за денацонализација, а се сеуште во постапка пед ЕСЧП. Во овој контекст таа објанси дека од ова ќе зависи и одговорот во однос на дополнителни мерки за извршување на пресудата на ЕСЧП. Во секој случај се заклучи дека меѓуинституционалниот дијалог во однос на спорни прашања во процесот на денационализација може само да го помогне понатамошниот тек на извршувањето на пресудата.

- **Арсовски против Република Македонија А. бр. 30206/06 од 7 февруари 2019 година;**

Имајќи предвид дека и во овој случај станува збор за делумна пресуда во однос на износот на материјлна штета, која уследува по претходната пресуда со констатирана повреда на правото на сопственост, а во принцип поради малиот износ на надомест за експроприраниот имот, како и поради фактот што станува збор за изолиран и специфичен случај не само поради фактот што законските основи на кои е направена експропријацијата во конкретниот случај се вон правниот поредок на државата, туку пред се заради спецификите на земјиштето кое во конкрентиот случај било предмет на експропријација, Џонова најави дека до Комитетот на минстри веќе е предложено затворање на надзорот над извршувањето на конретниот предмет.

- **Х против Република Македонија, А.бр. 29683/16, пресуда од 17 јануари 2019;**

Се работи за пресуда со констатирана повреда на членот 8 од ЕКЧП поради неможноста на трансродово лице да добие промена на матичниот број и ознаката за пол во матичната евиденција, во услови на правна празнина и нејасни услови кои лицето треба да ги исполни, за целите на усвојување на неговото барање. Џонова појасни дека станува збор за лице кое нема извршено целосна физичка трансформација за разлика од позитивната пракса на управните судови да ги усвојува сличните барања во услови на целосна трансформација на полот. Таа истакна дека сепак пресудата на ЕСЧП потсетува на стандардот воспоставен во други предмети на ЕСЧП согласно кои државите членки на Советот на Европа не смеат да бараат за целите на статусни промени од сличен вид било какви мерки на стерилизација или мерки кои би можеле да доведат до стерилизација. Оттука Џонова констатираше дека апликантот ги

исполнува конвенциските барања за да се уважи неговото барање и во тој контекст нагласи дека не случајно ЕСЧП во конкретниот случај својата пресуда ја донесе во услови кога домашната постапа е сеуште во тек. На линија на интенцијата на ЕСЧП да го насочи понатамошниот тек на домашната постапка е и фактот дека Комитетот на министри овој предмет го калсифицираше во групата на предмети под зајакнат надзор. Сепак, со жалење беше истакнато дека и покрај низата мерки презмени во насока на насочување на постапката во очекуваниот правец, во контекст на што Владата ја задолжи Управата за матична евиденција да го уважи барањето на апликантот, истата и покрај обврската за извршување на пресудата и покрај заклучокот на Владата, сепак ја одби надлежноста да постапува по барањето на апликантот. Ѓонова информираше дека постапката во моментот е пред надлежната второстепена комисија. Во делот на општите мерки присутните беа информирани дека уште пред донесувањето на пресудата на ЕСЧП, во МП е формирана работна група која работи на измени на законодавството со кои ќе им се овозможи на трансродовите лица промена на нивните лични податоци во матичната евиденција. Активностите на овој план се интензивираат со посетата на претставници на Советот на Европа кои е планирано да се сратнат и со министерката Дескоска, но и да бидат присутни на дебата организирана од страна на релевантни НВО за која ќе се зборува за актуелната пресуда и перспективите за нејзино извршување.

Беше нагласена потребата од итна промена на праксата на домашните институции при одлучувањето по слични барања, врз основа на пресудата на ЕСЧП и директна примена на ЕКЧП, со цел да се превенира предметите од сличен вид да завршат пред ЕСЧП. Во тој контекст Ѓонова информираше дека до сите релевантни институции се веќе упатени препораки при одлучувањето во слични случаи да ја имаат предвид и пресудата на ЕСЧП.

Во секој случај министерот Спасовски нагласи дека би било добро што е можно побрзо усвојување на јасни законски правила во областа.

Притоа беше истакнато дека мора да се има во предвид дека за целите на извршување на пресудата на ЕСЧП, во предвид доаѓа само законска рамка која би била во согласност со меѓународните стандарди.

- **Билески против Република Северна Македонија, А.бр. 78392/14, пресуда од 06 јуни 2019**

Во случајот Ѓонова ги објасни повредите констатирани во случајот од страна на ЕСЧП а во врска со постапката за лустрација против апликантот. Таа посочи дека видот на повредите укажува на податокот дека во случајот за целите на извршување на пресудата, во делот на индивидуалните мерки најсоодветно би било повторување на постапката, доколку апликантот тоа го побара. Таа посочи дека откако Управниот суд воспостави добра пракса во оваа смисла, евидентно од повторената постапка во случајот на Карајонов против државата, очекува дека процесот на извршување во овој случај е добро канализиран. Со оглед дека ткн. Законот за лустрација не е повеќе дел од позитиниот правен поредок, а имјаќи го предвид искуството со претходните пресуди против државата од сличен вид, беше посочено дека тоа ќе бидат доволно аргументи во делот на општите мерки кои ќе го придвижат процесот на извршување на оваа пресуда на ЕСЧП кон крај.

- **Пауноски против Република Северна Македонија, А.бр. 18669/08, пресуда од 06 јуни 2019**

Со оваа пресуда ЕСЧП, констатираше повреда единствено на правото на судење во разумен рок и тоа во услови кога во државата не постоеше правното средство пред Врховниот суд за заштита на ова право. Ваквиот тајминг го олеснува во многу извршувањето на пресудата за која е веќе поднесен акционен извештај до Комитетот на министри кој се очекува набрзо да биде позитивно оценет и затворен процесот на надзор над извршувањето.

- **АСП ПП ДООЕЛ против Република Северна Македонија, А.бр. 66313/14, пресуда од 06 јуни 2019**

Повредата која ја констатираше ЕСЧП во конкретниот случај извира од неконзистентната судска пракса во услови кога пониските судови ја занемариле праксата која во меѓувреме, на тема на спорното прашање се развила од страна на Врховниот суд. Според информациите што ги пласираше претседателката на Апелациониот суд во Битола, дозволено е повторување на постапката. Џонова пак истакна дека во случајот веќе доставила согласно законските надлежности препораки до надлежните судови при повторената постапка да ги има предвид причините кои довеле до повреда на ЕКЧП во случајот и становиштата на ЕСЧП изразени во пресудата. Во делот на општите мерки, Бирото за застапување пред ЕСЧП, наведе дека ќе се искористат мерките кои веќе за слични предмети се пласирани пред Комитетот на мнистри, а кои се во насока на одржување на редовни средби на 4-тите апелациони подрачја за целите на усогласување на домашното правораздавање. Ова дотолку повеќе, што спорните факти во конкретниот случај се случиле пред превземање на ваквата иницијатива за одржување на средби за целите на усогласување на домашната судска пракса од страна на домашните судови.

Претседателката на Апелационот суд во Скопје имајќи ги предвид фактитите и околностите на случајот, особено оние кои се однесуваат на спорната постапка која е предмет на пресудата на ЕСЧП, истакна дека АСЈО треба да обрне внимание на обуки кои се однесуваат на квалитетно образложение на судските одлуки.

- **Зибери против Република Северна Македонија, А.бр. 2166/15, пресуда од 06 јуни 2019**

Во конретниот случај станува збор за повторувачки случај односно за причини кои и претходно биле констатирани како основа за повреда на ЕКЧП во предмети против државата. Од овие причини, Џонова извести дека извршувањето на овој предмет. Комитетот на министри ќе го следи во контекст на групата на предмети односно пресуди со сродни констатирани повреди на ЕКЧП која го носи името според водечкиот предмет Атанасов 2.

Џонова објасни дека при десиминацијата на пресудата на ЕСЧП, а врз основа на овластувањата од членот 4 алинеја 12 од Законот за застапување пред ЕСЧП, според што Бирото има надлежност слично како и Меѓуресорската комисија да изготвува препораки за можни постапувања на домашните институции заради извршување на одлуките на ЕСЧП, веќе е дадена препорака за уважување на евентуален предлог за

повторување на постапката по основ на пресудата на ЕСЧП, како и препорака за одлучување со должно земање предвид на ставовите на ЕСЧП и причините од кои извира констатираната повреда. По ова Бирото веќе има прибавено информација од надлежнит суд дека предлог за повторување на постапката бил поднесен и дека истиот е уважен.

Во делот на општите мерки, беше посочено на неопходни измени на ЗКП во насока на исклучување на можноста осудителна пресуда да се заснова исклучиво или во претежна мера на искази на сведоци, во однос на чие сослушување одбраната била хендикепирана од различни причини. Цонова посочи дека во неколкуте средби кои таа ги реализирала со работната група која работи на нов текст на ЗКП, била постигната согласност за внесување на релевантни одредби во новиот законски текст, со цел превенирање на идни сличнии повреди на ЕКЧП и извршување на релевантната група пресуди на ЕСЧП.

Притоа Цонова истакна на потребата за итно усвојување на група законски измени на ЗКП кои се потребни за доведување кон крај на процесот на извршување на оваа група на пресуди на ЕСЧП. Таа сепак нагласи дека во ЗКП итно се потребни и други законски измени за целите на други пресуди на ЕСЧП, кој сеуште се во фаза на извршување и надзор од страна на Комитетот на министри.

- **Група на предмети Православна Охридска Архиепископија против Република Македонија (Православна Охридска Архиепископија А.бр. 3532/07, пресуда од 16 ноември 2017 – водечки предмет, Бекташиска верска заедница и други А. бр. 48044/10 пресуда од 12 април 2018, Ставропигијален Манастир Св. Јован Златоуст А.бр. 52849/09, пресуда од 29 ноември 2018 и Црква на Вистинските Православни Христијани и Ивановски А. бр. 35700/11, пресуда од 29 ноември 2018)**

Се работи за група на пресуди кои се под зајакната надзор на Комитетот на министри. Во делот на индивидуалните мерки, иако се чини во некои од предметите постои недоразбирање, во однос на природата на нивните поднесоци пред Основниот граѓански суд, неспорно е дека во овие случаи по оценка на Цонова, поднесоците соодветно од страна на овој суд се третираат како барања за повторување на постапките по пресудите на ЕСЧП. Во околностите на конкретните случаи, имајќи ги предвид констатираните повреди на ЕКЧП, како и причините кои довеле до таквата повреда, од една страна, а од друга страна очекувањата на Комитетот на министри во насока на извршувањето на овие пресуди, но и генерално неговата пракса во слични предмети против други држави, единствена индивидулана мерка е повторување на спорните постапки за регистрација, во согласност со пресудите на ЕСЧП, но и домашното законодавство. Засега исто така се чини дека постои проблем во однос на непостапувањето на апликантите во однос на барањето на домашниот основен суд за доставување на свежа документација за целите на нивна регистрација во повторените постапки, барање кое пак неспорно е подржано од страна на Комитетот на министри. Исклучок од ова е случајот на Ставропигијален Манастир Св. Јован Златоуст, каде барањето за повторување е поднесено по истекот на дозволениот законски рок, додека во случајот на Црквата на Вистинските Православни Христијани предлогот за повторување на постапката е повлечен, а во очекување е понатамошниот развој на споменатите повторени постапки.

Министерката Дескоска нагласи дека во овие случаи, државата уште на самиот почеток воспостави односи на соработка со Одделот за извршување на пресудите при надлежниот Генерален директорат на Советот на Европа за целите на успешно водење на процесот на нивно извршување и дека државата има искрена волја и се залага за нивно доследно извршување земајќи ги во предвид забелешките на ЕСЧП изнесени во пресудите, но секако и позитивните важечки домашни правила.

Џонова нагласи дека засега е извесно од одлуката на Комитетот на министри во врска со надзорот над извршувањето на оваа група на предмети дека барањето за евентулани општи мерки за извршувањето на пресудите ќе зависи од текот и исходот на постапките по барањата за повторување на постапките за регистрација поднесени од страна на нерегистрираните верски здруженија -апликанти.

- **Разно**

Под точката разно се зборуваше за извршувањето на повеќе пресуди.

Во контекст на извршувањето на пресудата во случајот Ел Масри, Хајрулаху и групата на пресуди која го носи називот на водечкиот предмет Китановски, Џонова го најави присуството на делегација од државата на Меѓународната конференција во Црна Гора, која е посветена на справување со проблемот на несоодветното постапување од страна на полицијата и во тој контекст барањето за спроведување на ефикасни истраги во случај на наводи за мачење или други форми на нечовечко постапување од страна на полицијата. Таа особено во контекст на извршувањето на оваа група на пресуди истакна дека треба да се бараат начини за мотивирање на лица кои ги исполнуваат условите за истражители во посебното одделение формирано во рамките на Обвинителството за организиран криминал и корупција, особено по фактот дека на огласот објавен од страна на ЈОРМ за пополнување на местата истражители во ова одделение, не се пријавило ниту едно заинтересирано лице.

Министерот Спасовски истакна дека доколку идејата во ова одделение е да се регрутираат искусни лица, тогаш решението ќе мора да се бара во условите кои нужно ќе мора да ги надминуваат условите за работа кои лицата евентуално ги имаат и уживаат во МВР.

Една од можностите во оваа смисла беше лоцирана во измени на Законот за јавно-обвинителска служба кои се актуелни, но и прилично неизвесни во предметната политичка консталација. Во секој случај се заклучи дека состојбата треба да се следи и да се бараат соодветни решенија, за надминување на проблемот.

Дополнително, беше истакнато дека сеуште се чека на изборот на НВО кои треба во соработка со Народниот правобранител да го обезбедат граѓанскиот надзор кога станува збор за постапките кои се водат пред домашните институции, а во чиј фокус се наводи за несоодветно постапување од страна на полицијата во контекст на зајакнатиот надворешен механизам за контрола на работата на полицијата. Ова дотолку повеќе што постапката за избор е веќе подолго време во тек пред Парламентот, откако првиот конкурс беше неуспешен поради отсуство на пријавени заинтересирани кандидати.

Согласно усвоениот дневен ред и дискусијата на 17-тиот состанок на Меѓуресорската Комисија беа усвоени следните:

**Заклучоци и препораки од 17-та седница на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП**

- **Х против Република Македонија, А.бр. 29683/16, пресуда од 17 јануари 2019;**

1. Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен, Управниот суд и Вишиот управен суд, при одлучување по сите слични барања за промена на полот и единствениот матичен број во матичната евиденција, како она во случајот на Х., да одлучуваат во согласност со пресудата на ЕСЧП во случајот Х. против РСМ, и таму реферираната судска пракса, како и во согласност со барањата од државата во процесот на извршување на пресудата на ЕСЧП, а во однос на таквото постапување и одлучување детално да го известат Министерството за правда -Биро за застапување на РСМ пред ЕСЧП.

2. При собирањето, обработката и доставувањето на бараните податоци до Министерството за правда- Биро за застапување пред ЕСЧП. Управата за водење на матичните книги, Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен, Управниот и Вишиот управен суд, се потсетуваат на обврската за почитување на доверливост на личните податоци.

- **Билески против Република Северна Македонија, А.бр. 78392/14, пресуда од 06 јуни 2019**

1. Се препорачува Уравниот суд да ја повтори постапката за лустрација во случајот на Билески доколку апликантот по основ на пресудата на ЕСЧП побара нејзино повторување и во повторената постапка да ги има предвид ставовите на ЕСЧП изразени во пресудата и за тоа преку Бирото за застапување пред ЕСЧП повратно да ја извести МКомисија.

- **АСП ПП ДООЕЛ против Република Северна Македонија, А.бр. 66313/14, пресуда од 06 јуни 2019**

1. Се препорачува на Основниот суд во Охрид и евентуално на Апелациниот суд во Битола при повторување на постапката Тс1-16/13 која завршила со пресуда на Апелациониот суд во Битола Тсж.бр.982/113 од 13.01.2014. по основ на пресудата на ЕСЧП во случајот АСП ПП ДООЕЛ против Северна Македонија. А.бр.66313/14, од 6 јуни 2019 година да ги имаат во предвид принципите и становиштата на ЕСЧП изразени во пресудата на ЕСЧП, причините врз основа на кои ЕСЧП констатрал повреда во случајот, да ја имаат во предвид обврската

на државата за извршување на пресудите на ЕСЧП, во контекст на што повторувањето на постапката по основ на пресуда на ЕСЧП има за цел ремедирање на индивидуалната положба на апликантот на начин кој истиот ќе го доведедат во најголема можна мера во онаа состојба во која тој би бил, пред настанатата повреда на ЕКЧП преку отстранување на последиците кои истиот ги трпел односно ги трпи поради повредите на ЕКЧП.

В.Д. Директор на Бирото за застапување
на РСМ пред ЕСЧП - Владин агент,
м-р Даница Џонова

Министер за правда,
д-р Рената Дескоска